# ВТОРА ПОЛУГОДИШНА АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ НА ИНДЕКСОТ НА ПОЛИТИЧКИ ИНТЕГРИТЕТ

-Кога механизмите на контрола затајуваат -

**Скопје, јуни 2026**

# Извршно резиме

Демократските институции ја *црпат* својата сила не само од законите и надлежностите што ги поседуваат, туку и од довербата што граѓаните ја имаат во нив. Кога граѓаните веруваат дека институциите работат чесно, непристрасно и во јавен интерес, тие полесно ги прифаќаат нивните одлуки, ги почитуваат правилата и активно учествуваат во демократските процеси. Но, кога интегритетот на институциите е доведен во прашање, довербата почнува постепено да се намалува, а со тоа се намалува и легитимитетот на институционалното делување.

Шесте случаи анализирани во рамки на овој полугодишен циклус на Индексот на политички интегритет[1] покажуваат загрижувачки континуитет на нарушување на интегритетот во повеќе сегменти од јавниот сектор. Иако случаите опфаќаат различни институции и области како локална самоуправа, антикорупциски механизми, здравство и безбедносен сектор – нивната анализа открива заедничка карактеристика: слабости во механизмите за превенција, надзор и отчетност кои треба да обезбедат заштита на јавниот интерес. Уште поважно, тие укажуваат на долгогодишна култура на несанкционирање која создава простор злоупотребите и прекршувањата на интегритетот полесно да се повторуваат.

Во анализираниот период беа евидентирани случаи на сомнежи за злоупотреба на службена положба, судир на интереси, нетранспарентно управување, незаконско постапување од страна на службени лица, како и активности кои директно го загрозуваат здравјето и безбедноста на граѓаните. Дел од случаите резултираа со оставки, кривични пријави или институционални постапки, додека други отворија сериозни прашања за ефикасноста на постојните контролни механизми.

Најзначајниот наод од овој циклус е дека во најголем дел од анализираните случаи институционалната реакција следува дури откако проблемите стануваат предмет на јавен интерес, медиумски истражувања или постапување на други надлежни органи. Наместо да делуваат превентивно, институциите често реагираат откако штетата веќе е направена, а последиците веќе се видливи.

Иако случаите се разликуваат по тежина и околности, сите упатуваат на ист предизвик: недоволно ефикасни системи на внатрешна контрола, проверка и одговорност. Кога проблемите најчесто се откриваат преку јавен притисок, а не преку институционални механизми, се создава впечаток дека системот реагира на кризи наместо да ги спречува.

Во таа насока, извештајот препорачува воведување и доследна примена на системи за управување со интегритет, редовни проверки на ризиците од судир на интереси и злоупотреба на функцијата, зајакнување на заштитата на укажувачите, поголема транспарентност на дисциплинските и

[1] https://shorturl.at/KO8xS

надзорните постапки, како и воспоставување јасни стандарди за отчетност на раководните структури.

На долг рок, интегритетот не треба да се гледа како административна или формална обврска, туку како суштински предуслов за функционални демократски институции. Довербата на граѓаните не се создава преку изјави и декларации, туку преку секојдневни примери на одговорност, транспарентност и почитување на јавниот интерес. Колку институциите покажуваат поголем капацитет да ги препознаат и коригираат сопствените слабости, толку поголема ќе биде довербата дека тие навистина работат во служба на граѓаните.

# I - ВОВЕД

Шесте случаи анализирани во овој полугодишен период на Индексот на политички интегритет доаѓаат од различни институции и сектори како што се локалната самоуправа, антикорупциските институции, здравството и безбедносниот сектор. На прв поглед тие изгледаат како изолирани настани со различни околности и различни актери. Меѓутоа, нивната подетална анализа покажува дека сите тие имаат заедничка карактеристика: институционалните механизми кои требало навремено да спречат, откријат или санкционираат ризици по интегритетот не функционирале доволно ефикасно.

Во анализираните случаи се забележуваат различни форми на нарушување на интегритетот – од сомнежи за злоупотреба на службена положба, судир на интереси и недоволна транспарентност при именувања, до незаконско постапување од страна на носители на јавни овластувања, пропусти во кадровската контрола и слабости во институционалниот надзор. Иако тежината и природата на овие случаи се разликуваат, заедничкиот именител е отсуството на ефективни системи за превенција и рано предупредување кои би спречиле проблемите да прераснат во јавни скандали или кривични постапки.

Особено загрижува фактот што во најголем дел од случаите институционалната реакција доаѓа откако проблемот веќе станал предмет на јавен интерес, медиумски истражувања или постапување на други надлежни органи. Наместо внатрешните механизми за контрола да бидат првата линија на одбрана на интегритетот, тие често се појавуваат како последна реакција по настанатата штета. Ова создава перцепција дека системот реагира на кризи, наместо активно да ги спречува или навремено да ги детектира.

Случаите опфатени во овој извештај исто така покажуваат дека нарушувањето на интегритетот не претставува само индивидуален проблем на одредени функционери или службеници. Кога пропустите се повторуваат во различни институции и различни сектори, тие почнуваат да укажуваат на пошироки системски слабости во културата на отчетност, механизмите за надзор и

примената на принципот на одговорност. Во такви околности, секој нов случај има кумулативен ефект врз јавната доверба и дополнително ја зајакнува перцепцијата дека правилата не важат подеднакво за сите.

Искуствата на многу демократии покажуваат дека довербата во институциите не се губи преку еден единствен скандал, туку преку акумулација на случаи во кои граѓаните гледаат дека системот не успева навремено да ги заштити јавниот интерес, јавните средства или владеењето на правото. Токму затоа, прашањето на интегритетот не е само прашање на индивидуална одговорност, туку и на институционален капацитет за самоконтрола, отчетност и корекција на сопствените слабости.

# II - Поединечни случаи

## II.1 Случај - Државна комисија за спречување на корупција




Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) е клучен институционален столб во

системот на спречување и контрола на корупцијата и судирот на интереси во Република Северна Македонија. Како тело со законски мандат за надзор над јавните функционери и транспарентноста во нивното работење, интегритетот и непристрасноста на самата ДКСК се предуслов за доверба на граѓаните и овозможување на функционално владеење на правото.

За кус период од само 6 месеци, во јавноста се појавија сериозни контроверзии околу работењето на ДКСК и нејзините членови, што кулминираше со две оставки: на претседателката Татјана Димитровска, по обвинителни акти поднесени од Обвинителството, и на членката на ДКСК Цвета Ристовска, по недели јавни сомнежи за можен судир на интереси и неспроведување на обврските за пријавување на имот.

Оценување на политичкиот интегритет

Според индикаторите од методологијата, во овој случај постојат повеќе елементи кои укажуваат на сериозно нарушување на интегритетот на институцијата: длабока ерозија на довербата; целосна изложеност, сериозни последици, морална оставка, нарушување на јавниот интерес.

**Категорија:** Штитење на јавниот интерес

**Оцена:** Црн печат (–10)

Клучни аргументи:

1. Оставка на претседателката на ДКСК, Татјана Димитровска
 Претседателката на Комисијата поднесе оставка откако Обвинителството за гонење организиран криминал поднесе обвинение против неа за две кривични дела – оддавање службена тајна и компјутерски фалсификат. Ова обвинение предизвика јавни контроверзии околу способноста на Комисијата да продолжи да носи одлуки без сенка на сомнеж за легалност, легитимност и транспарентност во нејзиното работење..

2. Оставка на членката Цвета Ристовска
 По недели на јавни сомнежи и полемики поврзани со нејзиното работење, Ристовска поднесе неотповиклива оставка од функцијата членка на ДКСК, откако самата ДКСК отвори предмети за изнесените сомнежи. Предметите отворени против неа се однесуваа на судир на интереси и непријавување на имот/фирми – конкретно, фирма на еден од нејзините синови што добивала средства од кампањи на партиите за изборно рекламирање, како и непријавување на фирми во анкетниот лист.

3. Повеќекратни индикатори за слабости на интегритетот на ДКСК
 Двете оставки се истовремено резултат на надворешен јавен притисок поради внатрешни институционални слабости, што укажува на нарушена функција на телото кое треба да ја гарантира непристрасноста кон носителите на јавни функции. Јавните реакции и критики укажуваат на перцепција дека ДКСК може да фаворизира одредени субјекти

или да не реагира ефикасно при проверка на свои членови, што го нарушува кредибилитетот на институцијата.

Препорака во насока на заштита на интегритетот:

За обновување на довербата во ДКСК и зајакнување на нејзиниот интегритет:

1. Да отвори јавна расправа за измена на постапката за избор и верификација на членови на Комисијата во која ќе дозволи зајакнување и транспарентност на условите за избор на членовите, со посебен фокус на избегнување на судир на интереси.
2. Јасни механизми за контрола на членовите на ДКСК но и на вработените во самата институција, вклучително и зајакнување на постапката за проверка на целосно пријавување на имот/деловни интереси на членови на нивните семејства.
3. Дополнително воведување на законски механизми за суспензија или истрага на членови на ДКСК веднаш по пријавување на сомнежи за прекршување на законски обврски.
4. Дополнување на Етичкиот кодекс на ДКСК со член кој наложува задолжителна зголемена транспарентност на истраги и предмети поврзани со членови на ДКСК и подразбира јавен отчет (објава) на резултатите од овие проверки во рок од 24 часа после нивното завршување.
5. Следење на сопствениот Концепт за интегритет објавен на веб страната на Комисијата, но и предвидување на редовно мерење на јавното мислење за работата на Комисијата како и други активности кои ќе воспостават систем на проверки и баланс, а ќе бидат насочени кон враќање на довербата на граѓаните во ДКСК.

Институции кои се наменети да го бранат владеењето на правото и со законски мандат за надзор над јавните функционери и политичките партии особено во делот на судир на интереси, мора да водат со пример и овие начела да ги применуваат пред се врз своите членови. Тие мора да бидат целосно транспарентни, непристрасни и подложни на јасни механизми за отчетност. Оставките на Татјана Димитровска и на Цвета Ристовска, како резултат на обвиненија, сомнежи и јавен притисок, укажуваат на сериозни предизвици со интегритетот на ДКСК, и тие имаат директно влијание врз довербата на јавноста во процесите на спречување на корупција.

**II.2 Случај - Именувања во управни и надзорни одбори од страна на советите на општините без транспарентност**




Во фокусот на оваа анализа е постапувањето на советите на локалната самоуправа, вклучително и Советот на Град Скопје, во процесот на именување членови во управни и надзорни одбори на јавни институции (градинки, училишта и јавни претпријатија).

Управните и надзорните одбори директно влијаат врз функционирањето на клучни јавни услуги, што ја зголемува тежината на овие одлуки. Бидејќи именувањата ги гласаат избраните советници, постои директна политичка одговорност, а влијанието врз јавниот интерес е значително.

Според јавно достапни информации и медиумски извештаи, овие именувања се вршат без објавени биографии и без транспарентна постапка.

**Категорија**: транспарентност, отчетност

**Оцена:** Сенка (-1)

Повеќе медиумски извештаи укажуваат на повторлива пракса на нетранспарентни именувања, без основни информации за избраните лица и без јасна аргументација за нивната компетентност.

Ова упатува на слабости во примената на принципите на транспарентност и отчетност при управување со јавните институции.

Според методологијата на Индексот на политички интегритет, овој случај соодветствува на категоријата „Сенка“ со вредност –1.

Клучни аргументи

Клучните аргументи се базираат на јавно достапни информации и медиумски извештаи.

- Советот на Град Скопје именувал 117 членови во управни одбори, при што за дел од нив не биле доставени биографии до советниците, што го ограничува јавниот увид во нивната стручност и релевантност за функцијата.
- Дополнително, во управните одбори на градинките и средните училишта биле именувани 88 лица без јавно достапни информации за нивната професионална позадина.
- Ваквата пракса создава ризик од именувања врз основа на политичка припадност или клиентелизам.
- Слични практики се забележуваат и на ниво на други општини, што укажува на можен поширок, системски модел.
- Нетранспарентноста ја ограничува можноста за јавна контрола и отчетност кои директно влијаат и на довербата на граѓаните во институциите, и конечно го намалуваат интегритетот на истите.

Препораки:

Со цел да се заштити интегритетот на институциите и да се спречи понатамошно нарушување на довербата на јавноста се препорачува:

- Воведување јасни процедури за избор на членови во управни и надзорни одбори.
- Обврска за јавно објавување на биографии и квалификации на сите предложени кандидати навремено пред нивно именување.
- Обезбедување транспарентна и суштинска расправа во советите пред донесување на одлуките.
- Проширување на позитивни практики воспоставени во Град Скопје, во врска со намалувањето на паушалите и бројот на членови на управните и надзорни одбори, како и нивно дополнување со јасни правила за квалитет и јавен увид во именувањата, преку воспоставување на заеднички стандарди на ниво на ЗЕЛС.

Заклучок

Именувањата  во управни и надзорни одбори без јасни критериуми и без јавен увид во квалификациите на кандидатите го ослабуваат системот на добро управување. Ваквите практики не само што го ограничуваат јавниот надзор, туку создаваат и перцепција на политизација и клиентелизам,  што го нарушува интегритетот на институциите и довербата на граѓаните.

Во рамки на Индексот на политички интегритет, овој случај претставува „Сенка“ – сигнал за потреба од системски подобрувања.

**II.3 Случај  – Злоупотреба на боледувања кај јавни службеници**




Во фокусот на оваа анализа е злоупотребата на правото на боледување од страна на вработени во Министерството за внатрешни работи (МВР), како и институционалниот одговор на овие случаи.

Анализата се базира на јавно достапни информации и медиумски извештаи за контрола спроведена од Фондот за здравствено осигурување (ФЗО), при која се утврдени неправилности, системски злоупотреби  и повторливи обрасци на злоупотреба при издавање и користење боледувања кај полициски службеници.

Случајот отвора прашања за култура на интегритет во рамки на МВР, ефективноста на контролните механизми, почитувањето на законските процедури, како и индивидуалната одговорност на вработените за нивното однесување.

**Категорија:** Корупција

**Оцена:** Дамка (-6)

Согласно методологијата, случајот се оценува како **„Дамка“ со вредност –6,** имајќи предвид дека постојат документирани и повторливи злоупотреби на правото на боледување.

Оценката се однесува истовремено на институционалниот контекст кој овозможува вакви практики, но и на индивидуалното однесување на службениците кои свесно го злоупотребуваат системот.

Ваквите постапки претставуваат директно нарушување на јавниот интерес и на основните принципи на интегритет, особено имајќи предвид дека станува збор за јавни службеници во сектор со висока одговорност.

**Клучни аргументи**

Станува збор за институција со високо ниво на јавна одговорност (безбедносен сектор), каде злоупотребата на боледувања директно ја нарушува оперативната способност на полицијата. Повеќекратните и повторливи случаи укажуваат не само на системски слабости, туку и на отсуство на лична одговорност кај дел од вработените, кои свесно го злоупотребуваат системот. Ваквото однесување директно ја поткопува довербата на граѓаните и го нарушува интегритетот на институцијата.

- Според контролата на Фондот за здравствено осигурување, кај вработени во МВР се утврдени значителни злоупотреби на боледувања, при што од 514 контролирани случаи, околу едно од пет боледувања било неправилно. Во контролата биле опфатени 80 полициски службеници, од кои кај 29 лица биле утврдени неправилности, што претставува висок процент на проблематични случаи.
- Детектирани се конкретни модели на злоупотреба, вклучително и често менување на матични лекари со цел продолжување на боледувањето, како и отворање нови боледувања под различни дијагнози, што укажува на постоење на сложен систем за злоупотреба.

- За утврдените неправилности се изречени казни во вкупен износ од околу 1,2 милиони денари, што укажува на материјална штета и злоупотреба на јавни средства.
- Злоупотребата на боледување не претставува административна неправилност, туку свесен избор кој ја поткопува довербата во јавната служба.

**Препорака во насока на заштита на интегритетот**

Случајот укажува не само на системски слабости, туку и на сериозно нарушување на индивидуалниот интегритет кај дел од вработените. Иако постои иницијална институционална реакција преку контроли и изречени казни, обемот на утврдените неправилности покажува дека се потребни подлабоки структурни мерки. Злоупотребата на правото на боледување, особено во безбедносниот сектор, претставува свесно однесување што директно го поткопува функционирањето на институцијата и довербата на граѓаните. Оттука, одговорот не може да се сведе само на системски подобрувања, туку мора да вклучи и јасна и видлива индивидуална одговорност.

- Министерството за внатрешни работи да воспостави засилен внатрешен контролен механизам за следење на боледувањата кај вработените.
- Да се воведе систем за рано детектирање на сомнителни обрасци (чести боледувања, промена на матични лекари, повторливи дијагнози).
- Да се зајакне координацијата со Фондот за здравствено осигурување и здравствените институции за спречување на злоупотреби.
- Да се обезбеди транспарентност во постапувањето по утврдените случаи, со цел враќање на довербата во институцијата.
- Да се воспостави практика на јасна индивидуална одговорност, со цел испраќање недвосмислена порака дека ваквите однесувања се неприфатливи.

**II.4 Случај – Акција „Ботокс“: нелегална трговија со фалсификувани медицински препарати и загрозување на јавното здравје**




Во фокусот на оваа анализа е обемната полициско-обвинителска акција позната во јавноста како „Ботокс“, насочена кон разбивање на мрежа за нелегална набавка, дистрибуција и употреба на фалсификувани ботокси и филери во Република Северна Македонија. Според јавно достапните информации, во акцијата се опфатени повеќе лекари, сопственици на приватни ординации и лица поврзани со здравствени институции, вклучително и медицински кадар од реномирани клиники. Случајот отвора сериозни прашања за интегритетот на здравствениот систем, професионалната етика, функционирањето на инспекциските и регулаторните механизми, како и степенот на заштита на јавниот интерес кога здравјето на граѓаните е директно изложено на ризик. Дополнително, јавниот интерес е особено засегнат поради природата на производите, кои можат да предизвикаат сериозни здравствени последици, вклучително и трајни оштетувања, инвалидитет или губење на видот.

**Оценување на политичкиот интегритет**

**Категорија:** Заштита на јавниот интерес

**Оцена:** Црн печат (-10)

Според индикаторите од методологијата на Индексот на политички интегритет, случајот содржи повеќе елементи што укажуваат на највисок степен на нарушување на интегритетот: организирана незаконска активност, злоупотреба на професионална положба, директно загрозување на здравјето на граѓаните, институционални слабости и сериозна ерозија на довербата во здравствениот систем.

**Клучни аргументи:**

**1. Злоупотреба на медицинската дејност за приватна корист преку нелегални препарати**
Јавно достапните информации укажуваат дека дел од инволвираните лица, вклучително и медицински професионалци, овозможувале употреба и дистрибуција на нелегални или фалсификувани ботокси и филери. Ова претставува сериозно нарушување на медицинската етика и злоупотреба на професионалниот авторитет во корист на приватен интерес.

**2. Сериозен ризик по здравјето на граѓаните**
Употребата на непроверени и нелегални медицински препарати отвора ризик од сериозни здравствени последици. Во овој контекст, случајот не претставува само економски или регулаторен криминал, туку директно нарушување на јавниот интерес преку изложување на пациенти на потенцијално опасни супстанци.

**3. Сомнежи за организирано и системско незаконско делување**
Бројот на инволвирани лица, поврзаноста меѓу приватни и јавни здравствени структури и обемот на истрагата укажуваат дека не станува збор за изолиран инцидент, туку за поширок системски проблем со можни елементи на организирано незаконско делување.

**4. Слабости во институционалниот надзор и контролата**
Случајот отвора сериозни прашања за ефикасноста на здравствените инспекции, царинските контроли, лиценцирањето и професионалниот надзор. Долготрајното функционирање на вакви практики укажува на потенцијални структурни слабости во системот на контрола.

**5. Нарушување на довербата во здравствениот систем**
Кога здравствени професионалци и медицински установи се поврзуваат со нелегални активности што директно го загрозуваат здравјето на пациентите, довербата на граѓаните во медицинската професија, институциите и механизмите за заштита сериозно се нарушува.

**Препорака во насока на заштита на интегритетот:**

Случајот „Ботокс“ укажува на сериозен институционален пропуст во системот на контрола на медицинските препарати и естетските интервенции. Комбинацијата од нелегални препарати, инволвираност на здравствени професионалци и можноста за тешки последици по здравјето на пациентите претставува сериозно нарушување на јавниот интерес и довербата во здравствениот систем.

Потребна е итна и видлива институционална реакција, особено во делот на:

- целосно расчистување на одговорноста кај сите инволвирани лица и здравствени установи;
- времено или трајно одземање лиценци во случаи на потврдени тешки прекршувања;
- објавување информации за санкционирани ординации и нелегални препарати со цел заштита на граѓаните;
- засилени и редовни контроли во областа на естетската медицина;
- воспоставување систем за следливост и проверка на потеклото на медицинските препарати;
- јасна институционална одговорност доколку се утврдат пропусти во инспекцискиот и регулаторниот надзор.

**II. 5 Случај – Припадници на МВР во случаи на незаконско постапување и пропусти во институционалниот надзор**




Во фокусот на оваа анализа се повеќе случаи поврзани со припадници на Министерството за внатрешни работи кои, според јавно достапни информации, прекршувале закони и професионални стандарди што самите се должни да ги спроведуваат. Анализата ги опфаќа случаите на полициски службеници кои управувале возила под дејство на алкохол, со активни забрани за возење или без соодветни дозволи, како и случајот со пилот во Одделот за воздухопловни единици кој користел фалсификувана лиценца.

Иако станува збор за различни настани, нивната повторливост отвора сериозни прашања за професионалниот интегритет, внатрешната контрола и институционалниот надзор во рамки на МВР.

**Категорија:** Корупција

**Оцена:** Скандал (-8)

Согласно Методологијата на Индексот на политички интегритет, овој случај се квалификува како „СКАНДАЛ" поради повторливоста на сериозни незаконски постапки, директно нарушување на јавната безбедност како и институционални пропусти во кадровската и безбедносната контрола. Кога прекршувањата ги прават лица задолжени за спроведување на законите, последиците врз јавната доверба и владеењето на правото се особено сериозни

**Клучни аргументи**

**1. Припадници на МВР ги прекршувале законите што се должни да ги спроведуваат**

Јавно објавените случаи на полициски службеници кои управувале возила под дејство на алкохол, со активни забрани за возење и без возачки дозволи или без положени возачки испити, претставуваат сериозно нарушување на професионалниот интегритет.

**2. Недоволна кадровска и безбедносна контрола во рамки на институцијата**

Случајот со пилотот кој подолг период извршувал задачи со спорна или фалсификувана документација отвора прашања за ефикасноста на механизмите за внатрешна проверка и надзор. Особено загрижува фактот што станува збор за позиција со висок степен на одговорност и потенцијални безбедносни ризици.

**3. Нарушување на довербата во институцијата задолжена за јавната безбедност**

МВР има клучна улога во заштитата на законитоста и јавната безбедност. Оттука, секое сериозно отстапување од законските и етичките стандарди од страна на нејзини припадници има значително поголемо влијание врз јавната доверба отколку кај други институции.

**Препорака во насока на заштита на интегритетот**

Случајот укажува на потреба од доследна примена на принципот на одговорност и поголема транспарентност во постапувањето по случаи во кои припадници на МВР ги прекршуваат законите и професионалните стандарди. Видливата институционална реакција е важна не само за санкционирање на поединечните прекршувања, туку и за зачувување на интегритетот на институцијата и довербата на граѓаните.

Министерството за внатрешни работи да:

- обезбеди поголема транспарентност за исходот од дисциплинските и другите постапки во случаи што предизвикуваат значителен јавен интерес;
- обезбеди доследна примена на професионалните и етичките стандарди за сите вработени, без оглед на нивната позиција или функција;

- зајакне јавна отчетност преку редовно информирање за мерките преземени во случаи на сериозно нарушување на професионалниот интегритет

**II. 6 Случај – Поранешна директорка на Клиничка болница -Битола: сомнежи за злоупотреба на службената положба**




Во фокусот на оваа анализа се наводите за злоупотреба на службената положба од страна на поранешната директорка на Клиничката болница во Битола, во контекст на поднесена кривична пријава. Анализата се темели на јавно достапни информации и медиумски извештаи кои укажуваат на можни неправилности во управувањето со финансиските средства и кадровските одлуки во болницата, како и на институционалната реакција преку покренување постапка. Случајот отвора прашања за управувањето со јавните здравствени установи, отчетноста на раководните лица и заштитата на јавните средства.

**Оцена:** Скандал (–8)

**Категорија:** Корупција

Клучниот елемент во овој случај е постоењето на сериозни наводи за злоупотреба на службената положба, проследени со формална институционална реакција,  поднесена кривична пријава. Иако постапката е во тек и нема правосилна пресуда, повеќето наводи за финансиски неправилности, сомнителни кадровски одлуки и индиции за заобиколување на процедурите укажува на висок ризик од нарушување на интегритетот. Обемот на наводите, како и нивната природа, кои опфаќаат управување со јавни средства и човечки ресурси, посочуваат на можни системски пропусти во раководењето. Покрај раководната одговорност, случајот отвора и прашања за индивидуалниот интегритет на лицата за кои има наоди дека биле предмет на ваквите кадровски одлуки. Доколку се утврди дека унапредувањата или бенефициите биле доделени надвор од пропишаните процедури, тоа би претставувало дополнителен ризик за нарушување на интегритетот во институцијата.

Согласно методологијата на Индексот, ваков случај се квалификува како **„Скандал“**, бидејќи вклучува сериозни сомнежи, институционална постапка и значителен јавен интерес.

## Клучни аргументи

- **Поднесена кривична пријава**
  Надлежните институции поднеле кривична пријава поради сомнежи за злоупотреба на службената положба при извршување на функцијата.
- **Неосновани исплати и финансиска штета**
  Според наводите, извршени се неосновани исплати со кои е оштетен буџетот на болницата, што претставува директна злоупотреба на јавни средства.
- **Исплати без соодветна процедура**
  Постојат индиции за исплати и зголемувања на плати без почитување на пропишаните процедури.
- **Кадровски одлуки со сомнителна основа**
  Постојат наводи за унапредувања и поставувања на лица на позиции без соодветни квалификации или без транспарентна постапка, што дополнително го засилува сомнежот за злоупотреба на овластувањата.
- **Широк опсег на неправилности**
  Наводите опфаќаат повеќе области: финансии, човечки ресурси и административни процедури, што укажува на потенцијален системски проблем во раководењето.
- **Поларизирани реакции во јавноста**
  Постојат реакции и  деманти  од засегнати страни, што дополнително ја нагласува потребата од институционално утврдување на фактите.

## Препорака во насока на заштита на интегритетот

Случајот со поранешната директорка на Клиничката болница Битола укажува на сериозни сомнежи за злоупотреба на службената положба и неправилно управување со јавни средства. Иако постапката е во тек, обемот и природата на наводите, како и поднесената кривична пријава, создаваат основа за оценка на нарушен интегритет. Во таа насока се препорачува:

- Да се обезбеди транспарентна и јавна институционална постапка
  Да се зајакнат механизмите за финансиска контрола во јавните здравствени установи.
- Раководните лица да сносат директна одговорност за исплати и вработувања спротивни на прописите.
- Да се зголеми транспарентноста во управувањето со јавните средства во здравството.

---

## III - Заклучок и насоки за зајакнување на интегритетот

Анализираните случаи во овој полугодишен циклус не претставуваат само серија одделни инциденти во различни институции. Напротив, тие укажуваат на поширок предизвик со кој се соочува институционалниот систем – недоволно ефикасни механизми за превенција, контрола и отчетност кои треба да обезбедат навремено препознавање и спречување на ризиците по јавниот интерес.

Иако случаите се разликуваат по својата природа – од сомнежи за корупција и злоупотреба на службена положба, преку судир на интереси и нетранспарентност, до директно загрозување на здравјето и безбедноста на граѓаните, сите тие отвораат едно исто прашање: дали институциите имаат доволно капацитет и волја самостојно да ги откријат и коригираат сопствените слабости пред тие да прераснат во јавни скандали?

Заедничката нишка што ги поврзува сите случаи е фактот што реакцијата најчесто следи откако проблемот веќе станал јавен. Наместо системот да делува превентивно, институциите често реагираат под притисок на медиумски откритија, јавни сомнежи, кривични пријави или постапување на други надлежни органи. Ова создава впечаток дека механизмите за интегритет се активираат дури кога штетата веќе е направена, наместо кога таа може да биде спречена. Истовремено, ваквиот образец упатува и на ограничен капацитет на институциите самостојно да ги идентификуваат и адресираат ризиците по интегритетот.

Последиците од ваквата состојба се пошироки од самите случаи. Секој поединечен пропуст можеби е ограничен на конкретна институција, но нивното повторување во различни сектори создава перцепција дека системот не функционира подеднакво за сите. Кога институциите кои треба да го штитат јавниот интерес самите стануваат предмет на сомнежи за нарушен интегритет,

довербата на граѓаните во нивната непристрасност, професионалност и отчетност постепено се намалува.

Историјата на демократските општества покажува дека довербата е најтешко стекнатата, но и најлесно изгубената институционална вредност. Таа не исчезнува преку еден единствен скандал, туку преку акумулација на случаи кои создаваат чувство дека одговорноста е селективна, а контролата недоволна. Истовремено, искуствата од државите кои успешно ги зајакнале своите институции покажуваат дека довербата може да се обнови кога интегритетот станува практична вредност, а не само декларативен принцип.

Оттука, најважната порака од овој извештај е дека зајакнувањето на политичкиот и институционалниот интегритет не е само прашање на етика или добра практика. Тоа е предуслов за обновување на довербата во демократските институции. Колку институциите се потранспарентни, поотчетни и поспособни самите да ги препознаат и санкционираат сопствените слабости, толку повеќе граѓаните ќе веруваат дека тие навистина постојат за да ги заштитат нивните права, интереси и безбедност. Во таа смисла, интегритетот не е крајна цел сам по себе – тој е темелот врз кој се гради довербата, а довербата е темелот врз кој се гради отпорна и функционална демократија.

Покрај генералните препораки, кои подразбираат подолгорочен и реформски пристап кон градењето системи за зајакнување на интегритетот и бараат дополнителни ресурси и институционална посветеност, анализираните случаи овозможуваат да се идентификуваат и конкретни слабости за кои се можни побрзи и пооперативни решенија.

**Насоки за зајакнување на институционалниот интегритет**

1. **Поголема одговорност на носителите на јавни функции**

Анализираните случаи покажуваат дека интегритетот на институциите во голема мера зависи од однесувањето и одговорноста на лицата кои раководат со нив или носат јавни овластувања. Затоа е потребно зајакнување на стандардите на отчетност и јавна одговорност кај носителите на јавни функции, особено во ситуации кога постојат сериозни индиции за пропусти или нарушување на јавниот интерес.

2. **Поголемо внимание на ризиците од судир на интереси и конфликт на улоги**

Пред избор или именување на лица на раководни позиции потребно е да се спроведуваат посеопфатни проверки на ризиците од судир на интереси, почитувањето на професионалните и етичките стандарди, како и евентуални претходни дисциплински или кривични постапки. Големиот број случаи кои укажуваат на сериозни прекршувања од страна на лица на високи позиции отвора прашање дали постојните механизми за проверка се доволно суштински и ефикасни.

### 3. Поголема транспарентност во постапувањето по случаи од јавен интерес

Во случаи кои отвораат сериозни прашања за интегритетот на институциите или носителите на јавни функции, од особена важност е јавноста да биде информирана за институционалното постапување и за исходот од преземените активности. Транспарентноста претставува важен предуслов за доверба и отчетност.

### 4. Поврзување на довербата на граѓаните со институционалните политики

Институциите постојат во служба на граѓаните и токму нивната доверба треба да биде еден од клучните показатели за успешноста на институционалните политики. Поради тоа, потребно е редовно спроведување истражувања за довербата на граѓаните и користење на добиените резултати како дополнителен индикатор за оценување на ефектите од мерките за интегритет, транспарентност и отчетност.